# АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО НА МЕДИУМИТЕ 2018

Скопје, декември 2018 година

Наслов:
АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО НА МЕДИУМИТЕ 2018

Издавач:
НВО Инфоцентар, 2019 година

Автори:
Центар за граѓански комуникации, БИРН,
НВО Инфоцентар

Тираж:
150

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.774/.776:005.584.1(497.7)(047)

АНАЛИЗА на резултатите од мониторингот на известувањето на медиумите : 2018. - Скопје : НВО Инфоцентар, 2019. - 28 стр. : граф. прикази ; 21x21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4594-18-5

а) Медиуми - Мониторинг - Македонија - Извештаи

COBISS.MK-ID 109351178

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Центарот за граѓански комуникации, НВО Инфоцентар и БИРН Македонија и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


страница: 4 I Вовед

страница: 6 II Методологија

страница: 10 III Клучни наоди

страница: 12 IV Детални резултати од мониторингот

страница: 26 V Заклучоци

страница: 28 VI Препораки

# ВОВЕД

Мониторингот на медиумите за процена на квантитетот и квалитетот на истражувачкото и аналитичкото новинарско известување се спроведува во рамките на проектот „Истражувачко новинарство за поттикнување реформи“, финансиран од Европската Унија. Целта на проектот што се реализира во периодот 2016-2019 година е да се поттикне растот на прецизното и истражувачкото новинарство во насока на подобро информирање на јавноста и заштита на јавниот интерес. Со други зборови, целта е да се поттикнат редакциите и новинарите да се посветат на подлабока и посуштинска анализа на проблемите со што ќе се издвојат квалитативно од напливот на кратки, брзи, површни и сензационалистички информации, овозможувајќи им на граѓаните контекст и подобар увид во состојбите.

Ова е трет мониторинг на медиумите, по оној во 2016 и 2017 година. И оваа година, мониторингот ги опфати истражувачките и аналитичките написи објавени во медиумите, бидејќи аналитичкото новинарство подразбира да им се даде смисла и да се ставаат во контекст комплексните општествени теми за да и се појаснат на јавноста, при што се комбинираат аспекти на истражувачкото новинарство и на експланаторното (објаснувачко) известување.

Мониторингот има за цел да обезбеди доволно, квалитетни и релевантни информации кои ќе дадат оцена на застапеноста и квалитетот на истражувачките и аналитичките новинарски текстови, како и на темите и областите на кои се однесуваат тие текстови.

Воедно, резултатите од мониторингот на медиумите треба понатаму да послужат и како основа за преземање низа други акции насочени кон подобрување на медиумското известување, воопшто. На новинарите и на медиумите може да им помогне да ги лоцираат слабите страни во сегашното информирање и да им биде патоказ за унапредување на нивното известување.

На невладините организации, пак, анализата може да им укаже на областите во кои е потребен поголем ангажман во насока на поредовно, попрофесионално и пообјективно информирање на јавноста.

II

# МЕТОДОЛОГИЈА

> Методологијата на мониторингот е поставена и изработена така што, меѓу другото, се добива одговор на следниве клучни прашања:

- Во колкав обем се застапени истражувачкото и аналитичкото новинарство во македонските медиуми?
- Каков е квалитетот на истражувачките приказни и на аналитичките текстови (во смисла на вклученост на извори, застапеност на страни, содржаност на елементите: веродостојност, релевантност, доверба и кредибилитет и сл.)?
- Дали во овие приказни и текстови се зачувани основните професионални стандарди во новинарството?
- Во кои области се застапени истражувачкото и аналитичкото новинарство, а каде отсуствуваат?

Станува збор за мониторинг на новинарските текстови кои претставуваат каква и да е форма на аналитичко и/или истражувачко новинарство, односно текстовите кои не се вест, проширена вест или извештај од настан.

Изборот на медиумите чиишто написи[1] се анализираа е направен имајќи ги предвид состојбата во медиумите, целите на мониторингот, потребите за анализа на резултатите од мониторингот, проектните постулати и поставеност, како и претходното искуство во оваа област. Притоа се водеше сметка избраните медиуми во примерокот да бидат традиционални, релевантни, гледани/читани и соодветни за мониторинг, да бидат застапени електронски и печатени медиуми, медиуми коишто се гледаат/читаат на национално и на локално ниво, на македонски и на албански јазик и медиуми од различна сопственичка припадност и уредувачка политика.

Оттука, избрани се следниве десет медиуми:

1 Под заедничкиот збор „написи“ се подразбираат новинарски текстови во весници и прилози и други информации во телевизиските вести.

1. МРТ1 – национална телевизија, јавен сервис, на македонски јазик;
2. Алсат М – национална телевизија, на албански јазик;
3. Сител – национална телевизија, македонски јазик;
4. Телма – национална телевизија, македонски јазик;
5. Тера ТВ – регионална телевизија од Битола, на македонски јазик;
6. Независен – национален дневен весник, на македонски јазик[2];
7. Слободен печат – национален дневен весник, на македонски јазик;
8. Коха – национален дневен весник, на албански јазик;
9. Капитал – национален неделен магазин, на македонски јазик;
10. Фокус – национален неделен магазин, на македонски јазик.

2 Во 2016 и 2017 години, во мониторингот беше вклучен весникот „Дневник“, кој престана да излегува во 2017 години. Оттаму, во 2018 година, во мониторингот го вклучивме дневниот весник „Независен“.

Предмет на директен мониторинг беа написите објавени во следниве периоди: 26 март –1 април, 16-22 април[3] и 7-13 мај[4] 2018 година.

Станува збор за комбинација од квантитативен и квалитативен мониторинг кој како резултат, покрај нумерички податоци, дава и сознанија за квалитетот на анализираните написи, во смисла на запазување на професионалните новинарски стандарди.

Објавените написи и нивната содржина, меѓу другото, се анализирани од следниве аспекти:

- Жанровска припадност на написот (истражување или анализа);
- Област/тема на која се однесуваат написите;
- Страница/дел од вестите каде е објавен написот;
- Рубрика во која е објавен написот;
- Големина на написот;
- Најава на написот на насловната страница/форшпанот;
- Илустрации на написот;
- Автор на написот;
- Број, статус и локација на изворите;
- Фер и балансиран пристап;
- Повод за написот;
- Консултирање на засегнатата страна и начинот на кој е таа пренесена во написот и др.;
- Релевантност, непристрасност, оригиналност и сл.

> **Предмет на анализа се збирните резултати од мониторингот, а не одделните резултати од кој било од вклучените медиуми.**

3 Заради технички проблеми, МРТ 1, Телма и Сител беа опфатени во периодот од 17 до 23 април 2018 година.

4 Заради технички проблеми, Телма беше опфатена во периодот од 7 до 12 мај, вклучително и 14 мај 2018 година.



# КЛУЧНИ НАОДИ

- Во 2018 година е забележан највисок процент на истражувачки стории во споредба со преходните две години.
- Додека во 2016 имаше само 0,4%, а во 2017 година 0,8%, годинава, бројот на истражувачки стории се покачи на 2%.
- Најмногу анализи и истражувања има за политиката, економијата и правосудството, а забалежан е и пораст на содржини кои се однесуваат на животната средина и урбанизмот.
- Повеќе од половината (57%) од аналитичко - истражувачките текстови/прилози се најавени на насловните страници и во ударните вести (лани 53%).
- Со оригинални фотографии и снимки се илустрирани 35% од текстовите/прилозите и ова е највисокиот процент до сега.
- Повеќето текстови/прилози се потпишани со име и презиме на авторот.
- Зголемен е бројот на содржини поттикнати од „псевдонастан“ (прес-конференција, соопштение, изјава, седница и др.).
- Се намали бројот на истражувачко-аналитички содржини чиј повод е самостојно истражување на новинарите.
- Зголемен е бројот на стории со три и повеќе извори на информации.
- Годинава, за прв пат, доминираат текстови и прилози во кои се консултирани повеќе страни – 42%.
- Во повеќето содржини, изворите на информации се наведени, а нема сторија во која изворите се исклучиво анонимни.



- Бројот на содржини во кои не е консултирана засегнатата страна и натаму е висок и изнесува 51%.
- Државните институции се континуирано најзастапен извор на информации.
- За разлика од 2016 и 2017, кога учеството на владата како извор на информации се движеше од 0 до 1%, годинава, таа учествува со 6%.
- На второ место како извор на информации се универзитетските експерти со 9,5%, а на трето и четврто место се политичките партии (9%) и граѓанскиот сектор (8%).
- Зголемен е бројот на содржини во кои се приложени документи или во кои се сфаќа дека новинарот поседува документи како потврда на изнесените тврдења.

# IV

# ДЕТАЛНИ РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

**„Највисок процент на истражувачки стории во последните три години."**

Во периодот на мониторингот, во десетте набљудувани медиуми беа регистрирани вкупно 183 новинарски прилози и текстови со истражувачко-аналитички карактер. Оваа бројка изнесува 11,7% од вкупниот број објавени материјали (1565) и бележи нагорна линија, како во споредба со 2017 година - 9%, така и во споредба со 2016 година - 5%.

Деталниот квантитативен пресек покажува дека во споредба со претходните две години, значително е зголемен и процентот на  исклучиво истражувачки текстови и прилози. Додека во 2016 имаше само 0,4%, а во 2017 година 0,8%, во 2018 година, бројот на истражувачки стории се покачи на 2% од вкупниот број објавени содржини во анализираните медиуми.
Секако, „сам за себе“ ова не претставува висок процент, но е важен показател за тоа дека медиумите сè повеќе и во континуитет ја препознаваат потребата од создавање и објавување истражувачки новинарски продукти.

### Застапеност на аналитички и истражувачки стории




### Застапеност на истражувачки стории (по години)




Како и во изминатите две години, така и во 2018 година, најголемиот дел од истражувачко-аналитичките содржини се објавени во рубриките „Македонија“ (36%) и „Актуелно“ (23,5%), а потоа следат рубриката „Економија“ со 11% и рубриката „Анализа“ со 5%.

**Најмногу анализи и истражувања има за политиката, економијата и правосудството.**

Квалитативната анализа на медиумските содржини покажа дека најзастапени теми во истражувачко-аналитичките стории се политиката (27%) и економијата (19%). Но овој пат, ним им се придружија правосудството со 11% и здравството со 8%. Исто така, во споредба со претходните години, забалежан е и пораст на содржини кои се однесуваат на животната средина и урбанизмот.

Истражувачко-аналитичките стории објавени во медиумите и натаму се претежно инспирирани од дневополитичките случувања. Оваа констатација ја поткрепува и фактот дека процентот на истражувачко-аналитички содржини посветени на првосудството се зголеми токму во годината која ја карактеризираат бројни судски процеси поттикнати од Специјалното јавно обвинителство, но и од Јавното обвинителство на Република Македонија.

Застапеност на теми




**Продолжува трендот на многу долги истражувачко-аналитички текстови и прилози.**

Според обемот, дури 44,5% од истражувачко-аналитичките содржини се многу долги (на една или повеќе страници во печатените медиуми и подолги од 2:10 минути на телевизиите), 43% се долги (од

половина до цела страница во печатените медиуми и од 1:40 до 2:10 минути на телевизиите), 11,5% се со средна должина (до половина страница во печатените медиуми и до 1:40 минути на телевизиите), а само 1% се мали стории (помалку од половина страница во печатените медиуми и 1.40 минути на телевизиите).

Ваквата распределба на должината, односно минутажата, недвосмислено покажува дека медиумите ги вреднуваат истражувачките и аналитичките содржини и за нив одвојуваат соодветен простор и време.

> **Повеќето аналитичко-истражувачки текстови/прилози се најавени на насловните страници и во ударните вести.**

Бројот на истражувачки содржини најавени на насловите страници и во ударните вести изнесува 57% проценти и тој во споредба со 2017 година е повисок за 4 проценти, а во споредба со 2016 година, за над 11 проценти.

Како и во претходните години, така и во 2018 година, печатените медиуми повеќе ги најавуваат истражувачко-аналитичките написи, во споредба со телевизиите, но сега, за прв пат,  бројот на најавени содржи со наслов и дел од текстот е поголем од прилозите најавени само со наслов.

**Дали текстот е најавен на насловните страници и во ударните вести?**



**Најавени текстови на насловните страници и во ударните вести (по години)**




Трендот на континуирано зголемување на бројот на истражувачко-аналитички содржини кои се најавуваат на насловните страници и во ударните вести, претставува важен индикатор за тоа дека медиумите сè повеќе го препознаваат нивниот придонес во заштитата и промоцијата на јавниот интерес.

> **Зголемен број на содржини илустрирани со автентични фотографии и снимки.**

Со оригинални фотографии и снимки се илустрирани 35% од текстовите/прилозите и ова е највисокиот процент до сега (2016 година - 21,6%, 2017 година – 26%). Бројот на текстови и прилози кои немаат никаква снимка или фотографија изнесува само 4%. Единствено влошување во споредба со 2017 година, има кај истражувачко-аналитичките текстови и прилози придружени со општи или тематски фотографии и снимки. Додека лани вакви содржини имаше 51%, годинава нивниот број се искачи на 61%.

**Фотографија/снимка на прилозите**




**Содржини со автентични фотографии и снимки (по години)**




Зголемениот процент на текстови со автентични илустрации и намалениот број на содржини без какви било фотографии или снимки, претставува охрабрувачки тренд, затоа што, секоја аналитичко-истражувачка сторија треба да биде поткрепена со што е можно повеќе оригинални снимки и илустрации. На таков начин се подобрува квалитетот и релевантноста на сториите, но и се засилува интересот на публиката / јавноста.

> **Повеќето текстови/прилози се потпишани со име и презиме на авторот.**

И годинава, високи 89% од истражувачко-аналитичките текстови се потпишани од авторите, а само 1,5% се анонимни. Авторот е потпишан со иницијали на 5% од содржините, додека 4,5%  од анализираните текстови се преземени од друг медиум.

Константно високиот процент на потпишани текстови и прилози, како и намалувањето на бројот на анонимни содржини, води кон засилување на кредибилитетот на медиумите и зацврстување на довербата кај граѓаните.

> **Зголемен број на содржини поттикнати од „псевдонастан“.**

Анализата на медиумските содржини покажува дека за дури 46% од аналитичко-истражувачките текстови и прилози, поводот бил некаков „псевдонастан“ (прес-конференција, соопштение, изјава, седница и др.). Во 2016 година, бројот на ваквите содржини изнесуваше 26%, а во 2017 година, 31%.

**Стории поттикнати од псевдонастани (по години)**




Она што загрижува е намалувањето на бројот на истражувачко-аналитички содржини чиј повод е самостојно истражување на новинарите. Годинава бројот на вакви новинарски прилози изнесува 22% и е најмал во споредба со претходните две години (2016 година – 24%, 2017 година – 31%).

**Повод за написот**



Зголемувањето на бројот на текстови и прилози поттикнати од „псевдонастани“, а намалувањето на оние како резултат на самоиницијативоста на новинарите, покажува дека медиумите се уште слабо ги препознаваат потребите и интересите на граѓаните и дека голем дел од содржините се „наметнати“ од различни центри на политичка, економска и друга моќ.

> **Зголемен процент на стории со три и повеќе извори на информации.**

Најголемиот дел од истражувачко-новинарските содржини имаат три или повеќе извори на информации (55%). Ова е највисок процент досега. Во 2016 година, бројот на стории со повеќе извори изнесуваше 54%, а во 2017 година, 41%.

**Стории со три и повеќе извори (по години)**




Бројот на новинарски прилози во кои нема ниту еден извор на информации, годинава, изнесува 7% додека во 2016 година, процентот на вакви стории изнесуваше 9%, а во 2017 година, 5%. Во 2018 година, се намали застапеноста на стории со само еден извор на информации - 15%.

## Извор на информации




- Еден извор
- Два извора
- Три или повеќе извори
- Нема

> **Висок процент на стории во кои се наведени изворите на информации.**

Во повеќето (67%) анализирани содржини, изворите на информации се наведени, а во 27% има и анонимни и наведени извори. Интересно е да се напомене дека нема сторија во која изворите се исклучиво анонимни.

Зголемувањето на бројот на аналитичко-истражувачки стории со повеќе извори и намалувањето на оние кои имаат само еден извор, недвосмислено води кон подобрување на квалитетот на новинарските продукти кои медиумите им ги нудат на граѓаните.

Видот на изворите, нивната бројност и нивниот кредибилитет се од особена важност за истражувачко-аналитичката работа на новинарите бидејќи од квалитетот на изворите и добиените информации во голема мера зависи и релевантноста на истражувачките и аналитичките стории.

## Статус на изворите




- Наведени
- Наведени и анонимни
- Нема извори

Ваквиот тренд на именување на изворите е од особено значење за релевантноста и веродостојноста на истражувачко-новинарските текстови.

> **Зголемен број на текстови/прилози во кои се консултирани повеќе од две страни.**

За разлика од претходните две години, годинава за прв пат, доминираат текстови и прилози во кои се консултирани повеќе страни – 42%.  Во 27% од содржините, новинарите консултирале две страни, а во 23% вклучиле само една страна.

**Страни на изворите**




**Стории во кои се консултирани повеќе страни (по години)**




Зголемувањето на процент на содржини во кои се консултирани две и повеќе страни, позитивно влијае врз непристрасноста, квалитетот и кредибилитетот на новинарите и нивните финални продукти.

> **Во голем број текстови/прилози не е консултирана засегнатата страна.**

И годинава, бројот на содржини во кои не е консултирана засегнатата страна е висок и изнесува 51%. Во 2017 година овој процент изнесуваше 55%. Мало подобрување е забележано и кај сториите

во кои засегнатата страна е консултирана и дала изјава. Годинава тој процент изнесува 43%, а лани беше 40%.  Во 6% од текстовите/прилозите, засегнатата страна е консултирана, но не дала изјава.

Вклучувањето на сите засегнати страни во текстовите/прилозите претставува еден од основните елементи на професионалното и непристрасно новинарство.  Високиот процент на содржини во кои не е консултирана засегнатата страна претставува сериозен проблем за објективноста, веродостојноста и кредибилитетот, како на новинарите, така и на самите медиуми.

**Дали е консултирана засегнатата страна?**




> **Државните институции се континуирано најзастапен извор на информации.**

Како и во претходните години, така и во 2018 година, најзастапен извор на информации се државните институции (министерства, влада, неспомнати државни институции) со 32%, што претставува досега највисок процент на учество (2016 година – 23%, 2017 година – 24%) . За разлика од 2016 и 2017, кога учеството на владата како извор на информации се движеше од 0 до 1%, годинава, таа учествува со 6%.

### Државните институции како најзастапен извор на информации (по години)




### Граѓанскиот сектор како извор на информации (по години)




На второ место се универзитетските експерти со 9,5%, а на трето и четврто место се политичките партии (9%) и граѓанскиот сектор (8%).

### Локација на изворите




Зголемувањето на учеството на државните институции како извори на информации за аналитичките и истражувачки стории, од една страна, значи дека тие стануваат поотворени и потранспарентни, но од друга страна, покажува дека новинарите претпочитаат информациите да ги добиваат од центрите на политичка

моќ, наспроти граѓанската и независна јавност. Во прилог на оваа констатација оди и фактот дека политичките партии, како извор на информации се искачија на високото трето место.

Ваквата наклонетост на новинарите спрема државните институции и политичките партии, само делумно се балансира со универзитетските експерти и граѓанските организации, како релевантен, веродостоен и кредибилен извор на информации.

> **Зголемен е бројот на содржини во кои се приложени документи или во кои се сфаќа дека новинарот поседува документи како потврда на изнесените тврдења.**

Во 31% од содржините се сфаќа дека новинарот има документи, но тие не се прикажани, а во 7% од текстовите, авторите приложиле и документи за изнесените тврдења.

Овие проценти во споредба со 2017 година се повисоки, но сепак, не се доволни, особено кога станува збор за бројот на стории во кои се објавени документи како доказ за изнесените тврдења на новинарите или засегнатите страни.

**Документи за потврда на истражувањето/анализата**




- Има приложено документи
- Се сфаќа дека новинарот поседува/видел документи, но не се покажани
- Не може да се оцени/ Не е релевантно

**Стории во кои се приложени документи или се сфаќа дека новинарот поседува документи, но не се прикажани (по години)**




Сепак, документите се особено важни од аспект на веродостојноста и релевантноста на сториите, затоа што, само на таков начин новинарите и медиумите ќе бидат убедливи и ќе ја зголемат довербата на граѓаните кон нивната работа.  Едновремено, тоа ќе значи и поттик за засегнатите страни поактивно да се вклучат во истражувањата на новинарите и да дадат поголем придонес со дополнителни документи, ставови и мислења.

# V ЗАКЛУЧОЦИ

Резултатите од истражувањето на медиумите во 2018, во однос на претходните две години, дава простор за оптимизам – истражувачкото новинарство во македонските медиуми е препознаено како важна алатка во исполнувањето на новинарската мисија.

Застапеноста на новинарските истражувања во македонските медиуми е зголемена за пет пати во однос на 2016 кога е спроведен првиот мониторинг. Повеќе од половината од аналитичко – истражувачките текстови/ прилози се најавени на насловните страници или во ударните вести.

За разлика од претходните две години, за прв пат годинава мониторингот покажа дека доминираат текстови во кои се консултирани повеќе страни, во повеќето содржини изворите се наведени, расте бројот на оние во кои се приложени и документи,  а веќе нема стории во кои изворите се исклучиво анонимни.

Охрабрува и фактот што расте процентот на илустрирање на сториите со оригинални фотографии, како и тоа што повеќето текстови односно прилози се потпишани со име и презиме на авторот.

Меѓутоа, мониторингот покажува и некои други, не така позитивни тенденции, кога станува збор за истражувачките и аналитички содржини во македонските медиуми. Податокот дека за разлика од 2016 и 2017, кога Владата минимално учествувала како извор во новинарските стории (од 0 до 1%), сега таа е застапена со 6 %, е причина за аларм во редакциите кои држат до својот интегритет и независност. Во прилог на ова оди и податокот дека опаѓа бројот на стории чиј повод е самостојно новинарско истражување, а расте бројот на содржини кои се резултат на „псевдонастан“ (прес – конференција, соопштение, седница и друго) .

Зголемувањето на учеството на државните институции како извори на информации

за аналитичките и истражувачки стории, од една страна, значи дека тие стануваат поотворени и потранспарентни, но од друга страна, покажува дека новинарите претпочитаат информациите да ги добиваат од центрите на политичка моќ, наспроти граѓанската и независна јавност. Во прилог на оваа констатација оди и фактот дека политичките партии, како извор на информации се искачија на високото трето место.

Ваквата наклонетост на новинарите спрема државните институции и политичките партии го подрива интегритетот и угледот на медиумите.

На негативно конто оди и податокот дека бројот на содржини во кои не е консултирана засегнатата страна и натаму е драматично висок, што на дневен ред го држи отворено прашањето за  објективноста, веродостојноста и кредибилитетот, како на новинарите, така и на самите медиуми.

Сето ова укажува дека паралелно со потребата од зголемување на застапеноста на истражувачкото и аналитичко новинарство во редакциите, постои неопходност и од подобрување на почитувањето на професионалните новинарски стандарди каков што е балансираниот и фер однос спрема страните во приказната, односно консултирање и претставување на сите страни со еднаков и непристрасен пристап.

Поради одговорноста која медиумите ја имаат спрема јавноста, но и поради нивната долгогодишна доверба и легитимитет, од клучно значење е да внимаваат не само на тоа што истражуваат и анализираат, туку и,  како го прават тоа.

Наодите од мониторингот на медиумите покажуваат дека и оваа година, најмногу анализи и истражувања има од темите економија и политика, што значи дека најголем дел од текстовите се на теми поврзани и поттикнати од актуелните политички случувања. Како тема доминира и правосудството, а забележан е и пораст на содржини кои се однесуваат на животната средина и урбанизмот, што укажува дека „јавниот интерес“ полека станува релевантен критериум за уредувачката политика.

# VI ПРЕПОРАКИ

- Подобрување на квалитетот и кредибилитетот, како на дневното, така и на аналитичкото и истражувачкото новинарство во интерес на јавноста и јавното добро, е постојан предизвик пред кој е исправена секоја редакција.
- Медиумите треба да продолжат да го проширувaат дијапазонот на теми за истражување и анализа, и покрај темите кои произлегуваат од дневно – политичките случувања, да опфаќаат и други области кои се од исклучително значење за граѓаните и за јавниот интерес, како што се: животниот стандард, невработеноста, корупцијата, животната средина, миграциите, правдата и др.
- Уредниците треба да ја поттикнуваат новинарската самоиницијативност на сметка на „слепото“ следење на владините институции како доминантен извор.
- Редакциите треба да усвојат добри практики за обука и јакнење на истражувачките и аналитички капацитети на своите новинари. Стратешко вложување во обука на новинарите е неопходен чекор за медиумите.
- Медиумите да насочуваат повеќе ресурси (луѓе, опрема и др.) во новинарскиот производ. Намалувањето на бројот на работните места и квалитетот на опремата значи намалување на бројот на истражувачки стории кои се од клучно значење за борбата против корупцијата и криминалот
- Неопходна е поголема комуникација и соработка наместо конкуренција во индустријата. Тоа подразбира заедничка реализација на определени истражувачки стории, како и објавување и преземање на текстовите и темите од поширок јавен интерес со доследно цитирање.
- Невладините организации треба да практикуваат, информациите до кои доаѓаат во текот на својата работа да им ги ставаат на располагање на новинарите и тоа, во отворен формат и да им ја даваат потребната поддршка на новинарите во истражувањето и известувањето за теми кои се значајни за граѓаните.